# З А П И С Н И К

## Од 39- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 39-та редовна седница на ден 28.04.2016 година (Четврток) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев претседател на Советотна општина Василево.
На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците:Сашко Димитриев, Гонца Ангелова, Јован Пелтековски, Верица Ичева и Џоко Христов.
На седницата присуствуваше Ванчо Стојанов градоначалник на општина Василево, Славе Андонов извршител во одделението за нормативно правни работи, Габриела К. Ефтимова одговорна во оделението за финансии и Бранко Андоно комунален инспектор и средствата за јавно информирање.
Претседателот на Советот на општина Василево Драги Митев пред да го предложи дневниот ред за работа на седницата го стави на гласење Записникот од 38-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 14.03.2016 година го стави на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.
Записникот од вонредната седница одржана на ден 15.03.2016 година го стави на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.
Записникот од вонредната седница одржана на ден 12.04.2016 година го стави на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

За работа на 39-та седницата на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**1.Квартален извештај** за извршување на Буџетот за 2016 година за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-1).
**2.Квартален извештај** за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-2).
**3.Квартален извештај** за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-3).
4.**Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект – индувидуална станбена куќа на к.п.бр.2394 во КО Добрашинци.
5. **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на на к.п.бр.1153 во КО Градашорци вон гр..

6. **Донесување на Одлука** по Барањето поднесено од Џамискиот одбор од с. Градашорци.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 39-та седница на Советот на општина Василево за збор се јави Катерина Ф. Петревска предложи надополнување на дневниот ред како 7- ма точка од дневниот ред да биде; **Предлог – Одлука** за учество на општина Василево во проектот **Small Grants Committee.**

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Катерина Ф. Петревска како 7- ма точка од дневниот ред да биде; **Предлог – Одлука** за учество на општина Василево во проектот **Small Grants Committee,** беше ставен на гласење од 10 присутни советници советот на општина Василево го усвои со 10 гласа„за“, „против“ и „воздржани“ нема.

1.

По отворената расправа по првата точка**; Квартален извештај** за извршување на Буџетот за 2016 година за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-1). За збор се јави Силвана Јованова претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа од тројца присутни члена го усвои со 3 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.
Немаше друг пријавено за збор **Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2016 година за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-1).** беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа „за“, „против “нема и „воздржани“ 2

2.

По отворената расправа по втората точка.**Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-2).**за збор се јави Силвана Јованова претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа од тројца присутни члена го усвои со 3 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.
Немаше друг пријавено за збор.**Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-2).** беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа „за“, „против“ нема и „воздржани“ 2

3.

По отворената расправа по третата точка**. Квартален извештај** за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-3). за збор се јави Силвана Јованова претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа од 3-ца присутни члена го усвои со 3 гласа„за“, „против“ и „воздржани“ нема.
Немаше друг пријавено за збор**. Квартален извештај** за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година (К-3).беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа „за“, „против“ нема и „воздржани“ 2

4.

По отворената расправа по 4-та точка: **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект – индувидуална станбена куќа на к.п.бр.2394 во КО Добрашинци за збор се јави Драги Митев претседател на Комисијата за Урбанизам рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа„за“, „против“ и „воздржани“ нема, предлага и Советот да ја разгледа и усвои.
**Бранко Андонов** представник од општинската аддминистрација рече дека согласно измените од Законот за легализација на бесправно изградени објекти се дава можност на објекти изградени во водотеци и на јавни патишта со давање на изјава кај нотар да бидат легализирани и вклопени во планската документација. За предметот кој е точка на разгледување има дадено една легализација на дел од објектот но дел од објектот не беше легализиран бидејќи улицата во Добрашинци сеуште не беше реализирана. Со реализацијата на оваа улица се створи можност објектот да може да биде вклопен и со изјава на Нотар тоа е направено сега се бара

согласност од Советот за да може да се даде решеније на лицето да може да го легализира објектот.

По затворената расправа **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за **промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект – индувидуална станбена куќа на к.п.бр.2394 во КО Добрашинци** беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани нема“

**5.**

По отворената расправа по 5 точка: **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на на к.п.бр.1153 во КО Градашорци вон гр.. Драги Митев претседател на Комисијата за Урбанизам рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема предлага и Советот да ја разгледа и усвои.

**Бранко Андонов** претставник од општинската аддминистрација рече дека се работи за КО. Градашорци тоа е механичката работилница на Балевски Миле тоа е пред новиот пат сега што е асфалтиран од левата страна од кај селскиот дел каде со новиот урбанистички план ќе биде вклопен во урбанистичкиот план за село Градашорци.

По затворената расправа **Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на на к.п.бр.1153 во КО Градашорци вон гр..** беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

6.

По отворената расправа по шестата точка; **Донесување на Одлука** по Барањето поднесено од Џамискиот одбор од с. Градашорци Силвана Јованова претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа Барањето и „едногласно“ одлучи да се доделат средства во висина од 10.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор **предлогот од Комисијата да се доделат средства во висина од 10.000 денари по Барањето поднесено од Џамискиот одбор од с. Градашорци** беше ставен на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ немаше.

7.

По отворената расправа по седмата точка **Предлог – Одлука** за учество на општина Василево во проектот **Small Grants Committee,** никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од 10 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ немаше.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советотот на општина Василево Драги Митев ја затвори 39-та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на Општина Василево
Претседавач:
Драги Митев